# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) т.13, т.14 и т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 година), а во врска со член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Кочани на ден 20.11.2020 година донесе

## Одлука
## за одредување на службеник за млади

### Член 1

Славица Давиткова вработена во Општина Кочани се одредува за службеник за млади и ќе биде одговорно лице за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Општината.

Службеникот за млади од ставот 1 на овој член изготвува годишен извештај за работата на Општината во делокругот на млади кој го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб - страницата на Општина Кочани.

Контакт информациите за службеникот за млади од ставот 1 на овој член се јавно достапни со објавување на истите на веб страницата на Општина Кочани и на огласна табла на Општина Кочани.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 03-2431/4
20.11.2020 година
Кочани

Градоначалник на Општина Кочани
Николчо Илијев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

Доставено до:
- Архива,
- Славица Давиткова
- Правен сектор

Изготвил: А.К
Одобрил: А.Ј